Тони МИЛЕСКИ

# БАЛКАНСКИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ

## *Вовед*

Напорите направени со потпишувањето на Договорот во Мастрихт од 1992 година, Европа да стане зона на мирот и безбедноста преку нејзино обединување со што би се симнала од листата на кризните подрачја, во значителна мера се забавија со појавата на процесите кои се случија во Источна Европа, а особено на Балканот, и кои имаа спротивна насока од европската интеграција. Од тие настани особено место заземаат распаѓањето на Советскиот Сојуз и СФРЈ како повеќенационални држави кои предизвикаа граѓански војни. Денес може да се каже дека сè уште не се надминати опасностите од националистичките судири околу територијата. Таквата определба ја потврдуваат настаните кои се случуваат во Република Македонија и обидот на албанските терористи за нарушување на македонскиот државно-терирторијален интегритет.

Претходно, на просторот на поранешна Југославија се водеше жестока меѓунационална, но и религиска војна, во која централно место заземаше српско-бошњачко-хрватскиот етнички судир. На посреден или непосреден начин во таа војна беа инволвирани речиси сите светски и регионални фактори на моќта. Прогнозите за опасноста од прелевање на овие судири на Косово, а подоцна и во Македонија, за жал, денес се реалност. Можната натамошна ескалација најверојатно би ги зафатила и Грција, Бугарија и Турција. Со самото тоа целиот балкански регион би бил вклучен во регионален судир чии граници подоцна тешко би можеле да се контролираат.

Сепак се чини дека најголемата опасност по мирот и безбедноста во регионот е нерешавањето на македонското прашање. Што се подразбира под „македонско прашање“? Во прв ред, непризнавањето на македонската нација и јазик од страна на Бугарија, непризнавањето на македонското малцинство и непризнавањето на автокефалноста на Македонската православна црква, како од Бугарија, така и од СР Југославија и

Грција, понатаму неодбележаноста на државната граница со СРЈ, разрешувањето на проблемот околу уставното име на Р. Македонија, статусот на Македонците во Егејскиот дел на Македонија, како и мегалодржавните идеи на Албанците кои сметаат дека имаат право да бидат конститутивен народ во Р. Македонија.

### *Национализмот – примарен генератор на кризите*

Анализирајќи ги настаните на Балканот, може да се констатира дека она што најмногу го „блокира" Балканот порешително да тргне во една поперспективна иднина е национализмот, кој како да го има оковано во тешки пранги.

Времето на националното будење, каков што впрочем беше деветнаесеттиот век, беше и време на национализмот и националните судири во поголемиот дел од Европа. Национализмот секако дека немаше насекаде негативна улога во историјата. Таквата констатација произлегува од фактот што тој не беше насекаде ориентиран кон потиснување на националните слободи и тенденции на другите.

Иако постојат многу дефиниции и видови на национализми, Сугаровата дистинкција меѓу западните и источните искуства со национализмите е особено корисна во балканскиот контекст. Западноевропскиот национализам беше политичко движење употребено како средство за изградба на нацијата – држава. Таквата определба беше паралела за започнување на социјални, политички и економски промени. Тоа доведе до појавување и развој на силни, централизирани држави „вооружени" со капацитети за извлекување и решавање на конфликти, како и способност за одржување на безбедноста на нивните граѓани. Во овај контекст, како што истакнува Михаел Роскин, западноевропските монархии „...имале политичка, воена, економска и културна моќ да ги инкорпорираат различните етнички групи како подредени делови на нивните кралства, и со време да ги асимилираат и да ги избришат нивните јазици и култури..."[1].

---

[1] Danopoulos, C., Messas, K., "Crises in the Balkans", Westview Press, 1997, p. 190.

Спротивно на претходното, источноевропскиот и балканскиот национализам му претходел на државите-нации и претставувал средство за одбрана на ненационалните држави во империите кои функционирале како главни политички сили на Балканот во периодот кон крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век.

Народите кои егзистираат на Балканот по ослободувањето од Отоманската Империја, всушност ја ослободија својата национална енергија која понатаму не успеаја да ја задржат во сопствените рамки. Подемот на балканските народи беше проследен со нивната желба за национално осамостојување, која секогаш беше длабоко потиснувана од Отоманската Империја. Оттука, националното ослободување кое се остваруваше во текот на деветнаесеттиот век, всушност, ја ослободи и големата национална енергија. Така ослободениот национализам, со сигурност пермутира во агресивен, а кога тој ќе стане агресивен тешко е да му се дефинираат границите и уште потешко е да се држи под контрола[2]. Голем број околности имаа свое влијание националната енергија да не биде насочена онака како што треба. Имено, се развија судири околу територии на кои опстојуваше етнички различно население.

Овие националистички идеологии кон крајот на дваесеттиот век повторно заживеаја. Својата кулминација ја достигнуваат на почетокот и во средината на деведесеттите години. Војните во поранешна Југославија во својата суштина се манифестираа како територијални судири меѓу класични национални движења, кои бараат територија за нивната идеална форма на држава. Речиси секој во регионот го поддржува идеалот за формирање големи држави. Таквите определби продуцираат состојба на нестабилност, состојба која во тесна корелација со политичкиот, економскиот, воениот, религиозниот и етничкиот диверзитет со кој изобилува Балканскиот Полуостров отвора простор за бројни можни конфликти. Некои од нив се со нејасна историска заднина и се инкорпорирале како нераздвоен дел од опстојувањето на дадените нации што во голема мера влијае врз моменталната состојба на некои земји во регионот на Балканскиот Полуостров.

---

[2] Милосавлевски, С., „Социологија на македонската национална свест“, Култура, Скопје, 1992.

Иако денес овие видови конфликти, независно од нивното времетраење и национална заднина се во голема мера ублажени како резултат на присуството на меѓународната заедница, нивното постоење и можноста за нивно обновување не треба да се запостави во целост.

### *Историско-географски специфичности*

Балканската стратегиска местоположба како крстопат меѓу Европа, Азија и Африка, низ историјата се покажала како привлечен терен за освојување. И покрај тоа што планините придонесле за изолација и поделеност на народите во регионот, тие не претставувале некој посериозен штит од надворешните освојувачи. Целосната испресеченост со комуникациски региони низ речните долини и планинските превалци, на освојувачите им овозможувала многу лесно да навлезат и да го освојат просторот, без разлика дали станувало збор за номадските племиња со нивните пони-коњи и стада со добиток или за големи и модерни сили со железница, камиони, борбени транспортери и тенкови.

Набљудувано од географски аспект, близината на Балканот со големите центри на цивилизацијата и конфигурацијата на земјиштето, односно лесниот пристап за надворешните освојувачи и во исто време големите поделби, разлики и војни во регионот, ги претставуваат неговите историски карактеристики. Последните настани поврзани со насилниот слом на Југославија, крвавата граѓанска војна во Босна и настаните на Косово и во Македонија претставуваат видливи опомени дека полуостровот малку загубил од својата историска склоност за насилство. Како резултат на таквите состојби, може да се каже дека историјата на регионот во голема мера е резултат на влијанието на надворешните сили и на внатрешните конфликти.

Географските карактеристики кои го овозможуваат историскиот „ексклузивитет“ на Балканот, главно вклучуваат планински терен, нешто помалку рамничарски површини и богато пошумени области. Регионот на запад граничи со Јадранското Море, на исток со Црното Море, неговите јужни граници се опишани со Медитеранот, додека северните граници ги вклучуваат реките Сава и Дунав.

На така географски ограничен простор, со релативна територијална скромност, егзистираат енормно голем број различни етнички групи во исто така голем број државно-политички субјекти. Со анализа[3] на трите јужноевропски полуострови ќе ја потврдиме претходната констатација. Имено, на Балканскиот Полуостров егзистираат десет држави кои зафаќаат приближно површина од 764.977 $km^2$, со вкупно 67.853.642 жители и просечна густина на населението од 88 жители на $km^2$. На Пиринејскиот Полуостров егзистираат три држави со вкупна површина од 598.803 $km^2$, со вкупно 49.126.268 жители и со просечна густина од 107 ж/$km^2$, додека на Апенинскиот Полуостров исто така егзистираат три држави со површина од 362.763 $km^2$, со вкупно 56.808.492 жители и просечна густина на населението од 190 ж/$km^2$.

Набљудувано низ призмата на долговековното присуство на две моќни, но внатрешно-политички и економски дивергентни држави, станува збор за Австро-Унгарија и Отоманското Царство, во регионот е создадена од една страна линија на цивилизациска поделба, а од друга голема внатрешна меѓуетничка и историска испреплетеност. Навлегувајќи во сферата на процесот на градење на нациите-држави, на површината се појавува феноменот на докажување на сопствената етничка чистота на секоја држава-нација поединечно. Барбара Јелавич во своето дело „Историјата на Балканот – дваесетти век“ истакнува: „...во сите региони населението претставува спој на домородни жители и последователни освојувачи, односно смеса постигната преку воени освојувања од страна на посилна група со апсорбирање на еден народ од страна на друг поради поголемата бројност или со прифаќање на друг јазик поради културната привлечност понудена од страна на некоја понапредна цивилизација[4]...“. Во една таква состојба обидите за воспоставување прифатлив модел на соживот помеѓу бројните ентитети кои претставуваат конститутивни елементи на различни држави, стануваат многу комплицирани. Досегашната практика потврдува дека во повеќе наврати и под одредени услови, латентните или отворени непријателства станувале супститут за

---

[3] Презентираните вредности се добиени со пресметки според податоци од Encarta Interactive World Atlas 2000.

[4] Јелавич, Б., „Историја на Балканот – дваесетти век“, НИК Лист, Скопје 1999, стр. 521–530.

разумните решавања на проблемите, резултирајќи со потенцијално нестабилни или насилни ситуации. Ваквата констатација сосем јасно укажува на опасниот лавиринт во кој е заглавена настојчивоста на одделни држави во регионот за докажување на сопствената етничка чистота.

Оттука, анализирајќи го Балканскиот Полуостров може да се каже дека не постои етнички чиста држава[5]. Регионот има илјадагодишни искуства во поглед на миграциите и меѓусебното мешање на домородното население и на оние кои доаѓале во регионот, односно сегашната конфигурација на социјалната географија е резултат на промените кои се случувале повеќе од 3.500 години, промени кои првенствено се однесувале на заемните миграции на племињата, проширувањето на кралствата, освојувачките империи, развојот на нациите и др.

Ако се гледа од тој агол, успешен обид да се направи каков било приказ на етно-територијална историја на регионот е мошне комплицувано, како резултат на повеќе причини. Една од нив е немањето прецизна археолошка евиденција за поголемиот дел од овој регион. Обично аналитичарите истакнуваат дека немањето прецизни информации не го претставува поголемиот дел од проблемот. Понатаму, поединци и владите во државите на Балканскиот Полуостров долго време имаат забелешки на историјата, без разлика колку е далечна, а која е во тесна корелација со „исконските" претензии кон територијата и идентитетот[6].

## *Територијална и терминолошка регионализација*

Аналогно на обидите за етно-територијален приказ на регионот, историската ретроспектива покажува дека голем број научници го третирале проблемот на територијалната припадност на државите во регионот. Сублимирајќи ги нивните истражувања, може да се констатира дека поголемиот дел своите согледувања ги изнесувале под закрила на ак-

---

[5] Единствено грчката влада не признава етничка поделба (етнички групи). Истата состојба настојува да ја наметне и албанската влада, која според пописот за 2001 година сака пред меѓународната заедница сите жители на Албанија да ги претстави како Албанци по националност.

6 Derek, H., Darrick, D., (ed.), "Reconstructing the Balkans, a Geography of the New Southeast Europe", John Wiley & Sons Ltd., Chichester, England 1996 p.p. 16-17.

туелниот општествено-политички амбиент во кој работеле и живееле, притоа, намерно или не, под притисок или своеволно, не земајќи ги во преден план географските принципи за одредување на положбата на просторот или на регионот.

Терминот „Југоисточна Европа", кој сè позачестено се употребува, од географска гледна точка претставува прилично нов, политички мотивиран опис за Балканскиот Полуостров, додека терминот „Балкан", кој првпат го употребил германскиот географ A. Zeune во 1809 година и кој потекнува од географскиот Балкански Полуостров, со сите негови негативни конотации, политички е неприфатлив. Односно, терминот „Југоисточна Европа" укажува на истиот регион кој од географски аспект е дискутабилен. Сепак, терминот „Југоисточна Европа" беше промовиран со најдобри намери за да се избегне „Балканот" како алтернатива со негативна оставина. Тоа фактички претставува политички компромис на меѓународно ниво, поради што „Југоисточна Европа" почесто се преферира од терминот „Балкан". Аналитичарите инсистираат дека епитетот „Југоисточна Европа" во основа е поразличен од терминот „Балкан", при што се укажува на европската димензија и нејзините препознатливи карактеристики на нагласена соработка[7].

Исто така, интересни се разгледувањата на Derek Hall и Darrick Danta, кои хиерархиски ги подредуваат термините „Балкан", „Балкански Полуостров" и „Југоисточна Европа" според територијата која ја опфаќаат. Имено, според авторите, Балканот го сочинуваат Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Албанија, Македонија и Бугарија. На Балканскиот Полуостров на претходните држави им ги приклучуваат Словенија и Грција, а Југоисточна Европа, која во географска смисла опфаќа најголема територијална област, ги вклучува Романија и Турција западно од Босфорот.

Во контекст на територијалната регионализација, интересни се анализите на американскиот географ Ричард Хартшорн. Имено, тој развива теорија на т.н. *„територијална интеграција"*. За што станува збор? Според Хартшорн, територијалната интеграција зависи од од два

---

[7] Lozanèiæ, D., "A New Military Dimension of a Cooperative and Preventive Approach to Security in Southeast Europe", Politièka misao – Croatian Political Science Review, Zagreb 1999, Vol. 36 No. 5, p.p. 50–77.

вида сили: центрифугални сили, кои ја разделуваат државата, и центрипетални сили, кои ја одржуваат компактна. Како центрифугални сили тој ги потенцира јазикот, етничките и религиозните разлики како најчести причини за територијалните конфликти во државите, но и политичката филозофија, образованието и начинот на живеење. Сите спомнати елементи во различни држави се поврзани со граѓански војни и поделби. Од друга страна, Хартшорн како најважна центрипетална сила ја идентификува идејата за државата[8]. Сосема е евидентно дека во балканскиот регион преовладуваат центрифугалните сили.




*Сл. 1 Територијална поделба на регионот според D. Hall и D. Danta*

### *Безбедносни предизвици*

Терминолошкото и територијалното редефинирање на регионот, како и започнатите процеси на демократизација, не значат негово стаби-

[8] Taylor, J.P., "Political Geography, World Economy, Nation State and Locality-third edition", Longman Scientific & Tehnical, Essex, 1993 p.p. 150-153.

лизирање „преку ноќ“. Тоа особено треба да се има предвид ако се знае дека на овие простори опстојуваат конфликти и тензии кои со години ги оптоваруваат односите меѓу државите. Условно, таквите состојби можеме да ги класифицираме во две категории: конфликти и тензии кои се традиционални, односно егзистираат со години, и тензии кои настанаа по дезинтеграцијата на југословенската федерација. Во тој контекст, интересни се анализите што ги прават голем број автори. Сублимирајќи некои нивни размислувања, а без претензии за детално елаборирање на кризните состојби, ќе изложиме само некои од нив со нивните основни карактеристики.

Односите меѓу ***Романија и Унгарија*** се сложени поради многубројното унгарско население во Трансилванија. Иако не постоеше можност Романија повторно да ѝ ја врати Трансилванија на Унгарија, во различните унгарски кругови во Романија и во Унгарија се правеа обиди за стекнување целосна автономија, која потоа би водела до барањето за самоопределување. Ова не се случи поради покажаниот отпор на двете земји. Од друга страна, Романија имаше и одредени претензии кон Добруџа, како и кон Молдавија. Најнапред, романските политичари очекуваа дека Молдавија, држава создадена од Социјалистичка Република Молдавија, ќе се обедини со Романија. Оваа не се случи, па во романската престолнина беше присутно одредено незадоволство изразено преку изјавите дека Молдавија порано била романска територија и дека ќе биде природно двете земји да се обединат. Во романската стратегија за национална безбедност од 1999 година, еден од приоритетите во поглед на надворешната политика е консолидирањето и градењето привилегирани односи со Р. Молдавија, со цел создавање заеднички економски и културен простор. Како резултат на стравот дека Молдавија ќе стане дел од Романија, во 1990 година украинското и руското население ја создаде Трансдњестарската Република во Јужна Молдавија.

Тензиите меѓу ***Грција и Турција*** се во поглед на територијалната демаркација во Егејското Море и конфликтите околу Кипар. Според членот 3 од новиот Поморски закон, Грција формално има право на проширување на територијалните води од 6 на 12 наутички милји. Меѓутоа, таквата постапка ќе ѝ овозможи на Грција зголемување на контролата

врз Егејското Море од сегашните 43% на 71%, со што на Турција ќе ѝ се затвори излезот на отворено море[9].

Од друга страна, промовирањето на кипарскиот проблем се случил во 1955-56 година, односно во период кога Кипар сè уште се наоѓал под британска управа. Островот бил единствената грчка територија која не била под управа на Атина, поради што кипарските Грци, кои сочинуваат 75% од населението, побарале унија со Грција. На таквиот чекор се противставила Турција и во 1960 година во договор со В. Британија е формирана независна Република Кипар. По симнувањето од власт на кипарскиот претседател Макариос во 1974 година, турската војска се истоварила на островот за да го заштити турското население. Со таквата интервенција Турција запоседнала 38% од островот, претежно области во кои се наоѓаат главните економски ресурси. Таквата поделба опстојува и денес[10].

Двата проблема се производ не само на различните концепти на политичкото раководство, туку исто така се засноваат и врз спомените за далечните историски настани од страна на обете нации. И покрај членството во НАТО, двете земји не се во можност да ги решат овие проблеми и секој нов инцидент резултира со мобилизација на сите национални сили за заштита на интересите и позициите на сопствената земја.

Конфликтите меѓу ***Југославија** и **Албанија*** во поглед на Косово може да се окарактеризираат како традиционални конфликти, кои со години егзистираат во регионот и кои својата кулминација ја достигнаа со интервенцијата на НАТО во 1999 година. Во секој случај, проблемот со Косово, а со тоа и албанско-српските односи, останува проблем кој го надминува регионалното значење. Меѓународната ангажираност, како и сите други напори насочени кон враќање на стабилноста на овие простори го прават косовскиот проблем поширок, меѓународен проблем, проблем кој најверојатно ќе продолжи да ја тестира волјата и способностите на меѓународната заедница да дејствува во рамките на контекстот за нов светски поредок.

---

[9] "White paper for the Armed Forces 1998 & 1999", chapter one – The Geostrategic Position of Greece.

[10] Grizold, A., Tatalovi␣, S., Cvrtila, V., "Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti", Sveuèilište u Zagrebu – Fakultet politièkih znanosti 1999, str. 195.

Тензиите меѓу ***Турција*** *и* ***Бугарија***, иако во последно време значително се ублажени, сепак остануваат. Имајќи ја предвид ситуацијата во која околу еден милион Турци (Помаци) кои живеат во Бугарија, насилно беа „бугаризирани" за време на претходниот социјалистички режим, потребно е време за воспоставување нормални односи меѓу двете држави.

Со распаѓањето на СФРЈ, на површината испливаа нови расправии, а истовремено се интензивираа и претходните непријателства помеѓу одредени нации во регионот.

***Македонско-грчкиот*** спор е последица на распаѓањето на Југославија и создавањето независна македонска држава. Решението на Бадинтеровата комисија дека Република Македонија ги исполнува потребните услови за меѓународно признавање од страна на Европската унија, Грција го пречека со жестока реакција. Грците веднаш ги отфрлија македонските тврдења дека голем број Македонци живеат во Грција. Истовремено, тие најдоа во македонското знаме и во некои одредби од Уставот кои се однесуваат на заштитата на Македонците во странство, оправдување за неприфаќањето на новата држава. Но, почетната мобилизација на националното чувство од двете страни му отстапи место на намалувањето на тензиите[11]. Грција најпосле ја тргна блокадата која целосно ја отсече Македонија со југот, беше постигнат договор за промена на македонското државно знаме и на некои одредби во Уставот, додека прашањето за официјалното име Република Македонија останува отворено. Македонско-грчките преговори околу проблемот со името во седиштето на ОН, со поголеми или помали паузи, се одржуваат речиси цели осум години, за да стигнат до денес онаму од каде што почнаа, без какви било промени во почетниот став на двете земји. Пред секое продолжување на преговорите, постојано се најавува дека двете страни се блиску до компромисно решение со некаква географска, временска или национална од-

[11] Со посредство на Организацијата на Обединетите нации, а особено на САД на 13 септември 1995 година во Њујорк е потпишана Времена согласност за нормализација на односите меѓу Република Македонија (ПЈРМ) и Грција. Според оваа согласност, во членот 2, став 6, Р. Македонија беше принудена да се откаже од својата уставна обврска од „грижата да го штити статусот и правата на кои било лица во други држави кои не се нејзини државјани", додека според членот 7, став 2, од истата Согласност, Република Македонија ќе мора да го промени државното знаме со симболот шеснаесеткрако сонце.

редница за името на нашата земја. Може да се очекува дека косовската криза и настаните кои се случуваат на територијата на нашата држава позитивно ќе влијаат врз односите меѓу Македонија и Грција, бидејќи и двете пројавуваат интерес за мир во регионот, а со тоа и за надминување на постојните недоразбирања.

Односите меѓу ***Македонија и Бугарија*** исто така се сложени. Иако Бугарија прва ја призна независна Македонија, таа не го признава постоењето на македонската нација. Сепак, со оглед на фактот што меѓународната заедница постојано е присутна во Македонија со цел да воспостави траен мир во целата област, очигледно е дека историските аспирации на нашиот источен сосед не би можеле да се остварат. Освен тоа, и Бугарија својата иднина ја гледа во Европа, па затоа меѓународната заедница има доволни извори да го острани овој баласт од минатото со минимални напори.

Состојбите меѓу ***Македонија*** и ***Албанија*** во изминатиов период значително се компликуваат. Албанскиот национализам се чини дека во самостојна Р. Македонија ја гледа историската шанса за остварување на својот стремеж за создавање „Голема Албанија". Албанија, и покрај фактот што меѓу првите ја призна Р. Македонија како самостојна држава, тоа не го стори со нејзиното уставно име. По кризата која настана во Албанија, таа одреден период го суспендира чувањето на границата со Р. Македонија, со што овозможи неконтролирано илегално инфилтрирање луѓе на нашата територија. Барањата за официјализирање на албанскиот јазик како државен јазик, интернационализирањето на албанските барања во Македонија за нејзина федерализација, односно признавање на албанското малцинство за втор конститутивен народ, претставуваат елементи кои во никој случај не одат во насока на градење на добрососедски односи. Албанскиот ентитет наместо да преговара за одредени промени преку институциите на власта во Р. Македонија, посегна по оружје. Неговите барања одат во насока на стекнување такви права, што ги нема ниту едно малцинство во ниту една држава. Федерална Македонија би претставувала само зголемување на апетитите за создавање една големоалбанска држава која би претставувала сериозен предизвик на овие простори[12]. Од

---

[12] Катарџиев, И., „Соседите и Македонија", Менора, Скопје 1998, стр 58–68.

друга страна, цврстата определба на Европа и решеноста на Македонија да се зачува македонскиот територијален интегритет, таквите албански определби ги прави сосем нереални.

Односите меѓу ***Хрватска** и **Србија*** имаат корени во нивното заедничко живеење во двете поранешни југословенски држави, како и во војната која избувна по распаѓањето на Југославија. Дејтонскиот договор[13], особено Договорот за нормализација на односите помеѓу двете држави (1996), го започна процесот на постепена нормализација. Проблемот за Превлака останува отворен, бидејќи Хрватска го гледа само како безбедносен проблем, додека Југославија бара промена на границите во своја корист. Исто така, постојат прашања поврзани со враќањето на бегалците и бројни проблеми за имотите. Најпосле, може да биде експониран проблемот за обновување на последиците од војната што ги претрпе Хрватска.

Недоразбирањата меѓу ***Словенија** и **Хрватска***, иако не се големи, се чувствуваат во нивните билатерални односи. Демаркацијата во Пиранскиот Залив не ја задоволува Словенија и претставува проблем што потикнува други непријатни политички конфронтирања кои повремено се слушаат на обете страни. Веројатно ова прашање може да биде решено на релативно лесен начин, како што можат да бидат решени и проблемите со нуклеарната централа во Кршко[14].

Според тоа, територијалните спорови сѐ уште влијаат на обликувањето на надворешната политика на некои држави. Сепак, се чини дека пред сѐ се работи за неподготвеност за одрекнување од правото на самоопределување на припадниците на сопствениот народ, за кои се истакнува дека не им е признато правото на припојување кон „матичната држава" или во упатените критики за угнетување на националните малцинства од страна на соседните држави. Во целиот тој контекст, всушност станува збор за претензии во поглед на зголемување на сопствената територија, а со самото тоа и на сопствениот национален статус.

---

[13] На 21 ноември 1995 година во Дејтон, Охајо, е потпишан договор за прекин на тригодишниот меѓуетнички судир во Босна и Херцеговина. Финалниот документ од договорот е ратификуван во Париз, на 14 декември 1995 година.

[14] Vukadinoviæ, R., "Challenges to Security in Southeast Europe", Politièka Misao – Croatian Political Science Review, Zagreb 1999, Vol. 36 No. 5, p. 8.

Токму таквите претензии и последиците од нив, денес во Југоисточна Европа претставуваат причинители за нискиот безбедносен индекс. Но, притоа мора да се потенцира дека императивот „територија" не е единствениот фактор кој влијае врз стабилноста и врз односите на државите во регионот. Тука, пред сè, треба да се вклучи организираниот криминал, кој има мултиетнички карактер, нелегалната трговија со луѓе, со оружје и со дрога, како и тероризмот.

### *Заклучок*

Не е потребна голема мудрост за да се заклучи дека таму каде што политиката и географијата не се во корелација, нивното совпаѓање се постигнува со етничко чистење и со масовни принудни миграции. На просторот на Југоисточна Европа сосема е очигледно дека политиката и географијата се во еден дисконтинуитет кој неминовно, со децении наназад, продуцира појави на војни, на масовни миграции, на промени на етничката структура на населението, на асимилации, на кроење на политичките граници и др. Исто така, очигледна е една контрадикторност која се однесува на релацијата интегрирање–дезинтегрирање. Додека европските држави сложно ги структурираат своите политички, економски и воени интеграции, во регионот се случува спротивен процес. Се поставува прашањето дали така дезинтегриран регион кој претставува еден мозаик од мали држави, секоја со сопствени, главно противречни интереси, со „славно" историско минато, во една поблиска иднина ќе може да се инкорпорира во европските интеграции. Сепак, со оглед на интенциите на државите за изградба на демократски општества подготвени за соработка, особено со соседите, нивните големодржавни амбиции на некој начин се супституираат со приклучувањето кон современите европски интеграциски процеси.

Традиционалните тензии меѓу државите во овој регион, како и новите жаришта кои настанаа по дезинтеграцијата на поранешна Југославија, укажуваат дека сегашната ситуација е најмногу обременета од историското наследство кое народите на овие простори го носат како свој траен багаж. Со самото тоа, регионот е промовиран како еден од најтурбулентните во светот.

Многу национални и интернационални иницијативи, како што впрочем е и од неодамна утврдениот Пакт за стабилност за Југоисточна Европа, се сведоштво за ангажираноста на државите и на меѓународната заедница за воспоставување мир и стабилност во регионот. Денес, Југоисточна Европа претставува, и најверојатно ќе продолжи да биде, главен предмет во дневниот ред на листата на приоритети на евроатлантската заедница. Северноатлантската алијанса и Европската унија ја покажуваат својата поддршка во напорите, чија основна цел е стабилизирање на регионот и негово вклучување во европскиот конгломерат на нации со демократски идеали и вредности.

Значи, патот кон „европската иднина“ не е пат на ширење на омраза и недоверба меѓу државите, и покрај горчината што ја предизвикува историското искуство на народите во регионот. Тоа особено се однесува за македонскиот народ, кој според својата геополитичка положба е предодреден да биде спојница помеѓу балканските народи, а не јаболко на раздорот.

Чинот на потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација, со што Р. Македонија стана асоцијативна членка на Европската унија, напорите за надминување на сегашната криза, во голема мера треба да даде до знаење дека територијалниот интегритет на државата во никој случај не смее да се доведе во прашање. Самото тоа упатува кон конечното поконкретно зачекорување по „патот кон Европа“. Сè поочигледно е дека судбината на државата е најмногу во рацете на македонскиот народ. Од него зависи дали македонската територија повторно ќе стане предмет на алчните потреби на соседите, или „парче“ територија од која ќе зрачи мир и просперитет на Балканот.

Можеме наполно да се согласиме дека процесот на европеизацијата на Балканот, односно интегрирањето на балканските земји во европските структури, отвора простор кај сите балкански држави дефинитивно да го надминат амбисот на балканизацијата. За реализирање на таквите определби неопходна е нова, чиста свест и силна волја за надминување на илузиите за некакво национално обединување на многуте етникуми кои егзистираат на релативно скромниот, во територијален поглед, Балкан.

**Клучни зборови:** национализам, Балкан, држава, територија, конфликт.

## Литература


1. Brzezinski, Z., „Velika šahovska ploča", Inted i Hrvatska udruga za međunarodne studije, Varaždin 1999.
2. Бацаров, З., „Геополитически системи", Фондација „Свободна и демократична България", София 1999.
3. Гоцевски, Т. Ортаковски, В. Георгиева, Л., „Разрешување и трансформација на конфликтите", Македонска ризница – Куманово, 1999.
4. Grizold, A., Tatlović, S., Cvrtila, V. „Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti", Sveučilište u Zagrebu - Fakultet političkih znanosti 1999.
5. Danopoulos, C., Messas, K., "Crises in the Balkans", Westview Press, 1997.
6. Isakoviæ, Z., "Diplomacy and the Conflict in Kosovo - Notes on Threats and Fears#, ISA Annual Convention, 16-20 February 1999, Washington, DC.
7. Јелавич, Б., „Историја на Балканот, дваесетти век", НИК Лист, Скопје 1999.
8. Карастоянов, С., „Политическа географија, геополитика, геостратегия", Университетско издателство „Св. Климент Охридски", София 1997.
9. Катарџиев, И., „Соседите и Македонија, вчера, денес, утре", Менора, Скопје 1998.
10. Милосавлевски, С. „Социологија на македонската национална свест", Култура, Скопје 1992.
11. Нацев, З., Начевски, Р., „Војна, мир и безбедност", Македонска ризница – Куманово, 2000.
12. Nelson, N. D., "Post-Communist Insecurity", Problem of Post-Communism, vol. 47, No. 5, September/October 2000.
13. Pavić, R. „Osnovi opće i regionalne politike geografije, geopolitike i geostrategije" ( I i II dio), Sveučilište u Zagrebu, 1973.
14. Talevski, J., Mileski, T., "Process of Democratisation and its Impact on Border Issues", Paper presented on International Scholar Conference, "Ten years after: Democratozation and Security Challenges in Southeast Europe", Ohrid 27-29 October 2000.
15. Tejlor, J. P., "Political geography - world-economy, nation-state and locality", Longman scientific & technical, England 1993.
16. Hall, D. and Danta, D. "Reconstructing the Balkans, a Geography of the new Southeast Europe", John Wiley& Sons Ltd., Chichester, England 1996.
17. Shelley, F.M., "Political geography of the Twentieth Century: A Global analisis", edited by Peter J. Taylor, Geographycal Review, January 1994, Vol. 84 Issue 1.
18. Politička misao-Croatian Political Review, Zagreb, 1999, Vol. 36 No. 5
19. White paper for the Armed Forces 1998-1999, I - The Geostrategic Position of Greece.
20. Romania's Strategy of National Security, Bucharest, 1999.
21. Microsoft Encarta Interactive World Atlas 2000, CD

---


## SUMMARY

Toni MILESKI

## SECURITY CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN THE BALKAN REGION

In this paper, emphasis is put on understanding of traditional tensions which have existed in the Balkan Region for a long period of time as well as on the new conflicts created by initiating the process of democratic transition of the Region. This transition into democratic streamlines and processes was also presented by unseen violence, but endemic for this area.

Understanding of the historical and contemporary events certainly is conformation of the permanent intention of almost all country in the Region for increase of their territories for the purpose of creating perfect form of their own states.

This paper points out to the main generator of this circumstances. that is, the historical and geographic "exclusivity" in co-relation with the religious, political, economic and military diversity which exists on a small teritory. This is why the engagement of the international community is directed towards stabilizing of the Region and its involvments in the European integrations may not be accomplished without overcoming the problems which disturb the relations among the countries in the Region.

**Key Words:** Nationalism, Balkan, State, Territory, Conflict.